| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Како го мериме времето |
| **Содржина на денот** | Обработка на песна „Волшебник“ |
| **Возраст** | 4-6 години |
| **Воспитувач** | Марија Галевска |
| **Дневни активности** | |
| **Здрави и безбедни навики** | Разговор за факторите кои придонесуваат за одржување на нашето здравје. Правилна исхрана, прошетки, сон, хигиена, носење облека според годишното време. |
| **Активности** | Разговарајте со своето дете за годишното време зима.<br>Прошетајте во блиската околина и набљудувајте ги промените на времето: студено, дува ветер, небото е потемно, облачно и слично. Прочитајте и некој текст за зимата. Потоа мотивирајте го детето за самостојно раскажување на текстот. Пуштете му ја песната за зима „Волшебник “ од „Златно Славејче“-2011. Нека ја слуша неколку пати и заедно  заучувајте го текстот строфа по строфа со слушање на музиката. Предложете му на детето заедно да  осмислите кореографија и да танцувате на истата. Танцувајте заедно со детето.<br>-На крај може да  црта на тема „Зима“. |